# ЗНМ: ОСТРА ОСУДА ЗА ЗАКАНИТЕ КОН НОВИНАРКАТА НА ТВ21

Tweet

Здружението на новинарите на Македонија остро ги осудува заканите упатени кон новинарката на ТВ21, Алмедина Исмајли од страна на Нешат Адеми кој е доскорашен член на Алијансата за Албанците. Пред два дена новинарката Исмајли подготвувала прилог во кој бил споменат Адеми откако на својот Фејсбук профил објавил информација дека ја напушта АА. По емитувањето на прилогот новинарката Исмајли добила телефонски повик во кој Адеми упатил сериозни закани кон неа.

Случајот вчера беше пријавен во полиција, а заканувачот веќе денеска бил повикан на информативен разговор. За жал, според нашите сознанија, институциите на прогонот процениле дека немало елементи за поднесување на кривична пријава против Адеми и добил само усна опомена.

Потсетуваме дека, единствено преку строга санкција на нападите и заканите од страна на институциите во иднина ќе може да се спречат идни напади и закани кон новинарите. Државата има обврска да обезбеди ефикасен систем на превенција и казнување на насилството врз новинарите. Тоа е основен предуслов за подобрување на состојбата со слободата на говорот.

Загрижува фактот што во период од само еден месец се регистрирани четири напади и сериозни закани кон новинарите што е бројка еднаква на сите регистрирани напади во текот на 2019 година. Уште повеќе загрижува трендот на зголемени закани кон жените новинарки во државата. Апелираме до сите домашни и меѓународни институции да ги осудат заканите кон новинарите и да упатат пораки на смиреност во периодот кој следува.

Администратор 29/01/2020 15:54

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ

**ЗНМ: Непримерни се коментарите на премиерот за документарецот на ИРЛ (/Home/PostDetails?PostId=414110)**



**НСОН: Наместо апели, МОН да превземе конкретни чекори околу исплатата на прекувремените часови (/Home/PostDetails?PostId=414109)**



**Заев се дообјаснува за изјавата за Рашковски: Имам право на свое мислење (/Home/PostDetails?PostId=414106)**



**Николовски денес вели дека заврши времето кога народните пари се трошеа за сé и сешто, пред месец дена го бранеше Рашковски (/Home/PostDetails?PostId=414105)**




**Дрес од фудбалската репрезентација со името напишано на кирилица, доби на подарок Папата Франциск од Пендаровски (/Home/PostDetails?PostId=414090)**



**Пендаровски и Радев заеднички ги чествуваа Св. Кирил и Методиј во Рим (/Home/PostDetails?PostId=414089)**



**Не е проблем во сулфурот, проблем е поголемата количина вода и пепел во сомнителниот мазут, вели Заев (/Home/PostDetails?PostId=414086)**



**Заев оствари телефонски разговор со новиот привремен премиер на Бугарија, Стефан Јанев (/Home/PostDetails?PostId=414083)**



**Радев до Пендаровски: Двете држави треба да работат со уште поголема доверба и дијалог, да ги решат работите заедно (/Home/PostDetails?PostId=414082)**

Вестите, содржините и фотографиите на интернет страницата MakPress.mk може да се користат само за лично информирање.
Не е дозволено превземање, користење, пренесување и реобјавување на вестите, содржините и фотографиите без посебна дозвола или склучен договор со MakPress.mk